Врз основа на член 30 став 1 алинеја 1 од Законот за трговија („Службен весник на Република Македонија“ бр.16/04, 128/06, 63/07, 88/08, 159/08, 20/09, 99/09, 105/09, 115/10, 158/10, 36/11, 53/11, 148/13, 164/13, 97/15, 129/15, 53/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.77/21, 215/21 и 295/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 22 февруари 2022 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ТРГОВИЈАТА НА ОДДЕЛНИ СТОКИ

## Член 1

Со оваа одлука се определува највисоката трговска маржа како посебен услов во трговијата за следните стоки:
- леб;
- шеќер;
- сол;
- брашно–тип 400;
- сурово сончогледово масло и сончогледово масло за јадење;
- трајно млеко со масленост од 2,8%, 3,2% и 3,5%;
- свежо месо и сувомеснати производи;
- сирење и урда;
- ориз;
- јајца;
- тестенини;
- пченица и
- овошје и зеленчук.

Највисоката трговска маржа за стоките од ставот 1 на овој член за сите трговски друштва и трговци поединци кои учествуваат во трговскиот ланец во трговијата на големо се утврдува во вкупен износ до 5% на продажната цена пресметана во трговијата на големо, односно во вкупен износ до 10% на продажната цена пресметана во трговијата на мало.

## Член 2

Во вкупниот износ на трговската маржа во трговијата на мало од член 1 став 2 на оваа одлука се вклучени рабатот и надоместоците кои трговецот на мало ги наплаќа од трговецот на големо и тоа за рекламирање и за изложување на стоките на рафтови, односно полици (примарни и секундарни позиции).

## Член 3

Највисоката трговска маржа на стоките од член 1 на оваа одлука ќе се применува од 1 март 2022 година до 31 мај 2022 година.

## Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-1639/1
22 февруари 2022 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
д-р Димитар Ковачевски, с.р.